

Трајче Грујоски - Павле (19. VIII 1921 – 17. VII 2016) е македонски партизан, еден од организаторите на НОБ во Битолско, политичар, судија и унифeрзитетски професор. Бил борец на партизанскиот одред „Јане Сандански“ (1942), инструктор на партизанскиот одред „Вичо“ (1943), член на Вториот обласtен комитет на КПМ (1943) и заменик-политички комесар на Втората оперативна зона на НОВ и ПОМ. По ослобувањето заземал низа важни општествени функции и бил универзитетски професор.

Трајче Грујоски е роден на 19 август 1921 година во леринското село Раково, Егејскиот дел на  Македонија. Но, набрзо потоа семејство се преселило во Битола. Таму Трајче завршил основно и средно образование. Во 1938 година станал член на Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ) и бил раководител на средношколските организации во Битола. Од 1940 година бил член на КПЈ, а од 1941 година е член на Месниот комитет на СКОЈ за Битола.

Тој е еден од организаторите и првоборците на  Народноослободотелната и антифашистичка војна на Македонија. Во 1942 година се вклучил во Битолскиот народноослободителен партизански одред „Јане Сандански“, а потоа бил инструктор Леринскиот партизански одред „Вичо“. Во 1942 година бугарските власти во отсуство го осудиле на 15 години затвор, која пресуда подоцна била заменета со смртна казна.

Од 1943 година е политички комесар на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев“. Истата година станал член на Вториот обласtен комитет на КПМ и заменик политички комесар на Втората оперативна зона на НОВ и ПОМ. Од јули 1943 година бил испратен на илегална позадинска задача во Битола, каде што останал до крајот на војната.

По Втората светска војна дипломирал на Правно-економскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје. Подоцна ја одбранил докторската

дисертација за економско-социјалниот развој на Битола. Станал редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и Прилеп.

По војната Т. Грујовски заземал голем број важни општествени функции. Бил претседател на Општинскиот народен одбор на Битола, и на Собранието на Битолската околија. По заминувањето од Битола за Скопје бил избран на функциите: секретар и пот-претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Како правник бил доста ценет поради што бил избран за судија во Уставниот суд на Македонија. синдикален секретар (министер) за законодавство. и организација на власта на Југославија. Бил член на Извршниот комитет на Сојузот на Југославија. Еден мандат бил претседател на Сојузот на борците во РМ, како и др. функции.

Автор е на повеќе од 50 трудови од научен карактер, како и бројни историски записи, белешки, мемоари и др. вид. Позначајни изданија му се: „Битола - дејство на основните фактори врз општествено-економскиот развиток“ (Битола, 1971 г.), „Делегатскиот систем како облик на социјалистичката демократија“ (1981, Скопје), „Општествениот, економски и политички систем на СФРЈ“; „Економика и комуна“; „Битола на мојата младост“ (1987, Битола) „Времиња, луѓе…“ авторски записи и согледувања…- 1944-2004“ (2004, Скопје,); „Распадот на поранешна СФРЈ“, студија и сведоштва (2003, Скопје). Носител е на „Партизанска споменица од 1941 г.“ Добитник е на бројни ордени за воени и други заслуги.

Трајче Грујоски - Павле починал на 17 јули 2016 година во Скопје.

(извор: „Значајни личносто за Битола“, 2007. Битола)



подготвил: Т.К.